„Гледајте кон оние што се под вас, а не кон оние што се над вас – тоа ќе ве заштити од потценување на благодатите што Аллах ви ги дал.“

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Гледајте кон оние што се под вас, а не кон оние што се над вас – тоа ќе ве заштити од потценување на благодатите што Аллах ви ги дал.“
[متفق عليه] [صحيح]

Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, наредил муслиманот – кога станува збор за овосветските работи, како што се положбата, богатството, угледот и слично – да гледа кон оние што се во полоша состојба од него, а не кон оние што се во подобра положба. Гледањето кон послабите е причина човек да не ги потцени и обезвредни благодатите што Аллах му ги дал.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/5341